# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.137 од 07.10.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13 и 79/13), во членот 2 точка 5 по зборовите: "и слично" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно изведување работи на инфаструктурни објекти со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања на градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена".

**Член 2**

Во членот 48-а став (4) по зборовите: "или урбанистички план за село" се додаваат зборовите: "или урбанистичко-планска документација за туристичка развојна зона или урбанистичко-планска документација за автокамп".

**Член 3**

Во членот 51 став (3) зборовите: "и истиот треба да е одобрен и заверен од надзорниот инженер" се бришат.

**Член 4**

Во членот 53 ставот (1) се менува и гласи:

„Проектната документација се изработува во електронска форма во соодветен формат на начин утврден со прописот од членот 54 од овој закон."

**Член 5**

Во членот 57 став (1) зборовите: "оптички кабли за потребите на државните органи" и "депонии за неопасен отпад и" се бришат, по зборовите: "градби за потребите на државните органи и агенциите и фондовите основани од Република Македонија" се додаваат зборовите: "градби за потребите на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија", а по зборовите: "градби кои претставуваат заштитено недвижно културно наследство согласно со закон" се додаваат зборовите: "(поединечни добра, споменички целини без контактните зони и археолошки локалитети)".

Во ставот (2) по зборовите: "депонии за интерен отпад (градежен шут)" се додаваат зборовите: "и депонии за неопасен отпад".

**Член 6**

Во членот 58 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(6) По исклучок од ставот (2) на овој член постапката за издавање на одобрение за градење за инфраструктурни објекти за кои инвеститор е Република Македонија и чија изградба е финансирана само со средства од Буџетот на Република Македонија, ја спроведува органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, а одобрението за градење го издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот."

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (6) и (7).

**Член 7**

Во членот 59 став (2) во воведната реченица зборовите: "писмено барање" се заменуваат со зборовите: "барање во електронска форма".

Во алинејата 1 по зборовите: "урбанистички план за село" се додаваат зборовите: "или урбанистичко-планска документација за туристичка развојна зона или урбанистичко-планска документација за автокамп".
Во алинејата 3 зборовите: "во три примероци" се бришат.
Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и изјава од барателот дадена под полна материјална и кривична одговорност со која истиот ќе потврди дека решението за трајна измена на режим на сообраќај е однесува на проектот доставен преку информацискиот систем е-одобрение за градење."
Во ставот (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и изјава од барателот дадена под полна материјална и кривична одговорност со која истиот ќе потврди дека конзерваторското одобрение се однесува на проектот доставен преку информацискиот систем е-одобрение за градење."
Ставот (11) се менува и гласи:
„Доколку барателот не ги отстрани констатираните недостатоци и не го дополни барањето во рокот од ставот (10) на овој член, надлежниот орган е должен да донесе решение за одбивање на барањето за одобрение за градење во рок од седум дена од истекот на рокот за дополнување, а доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци и го дополни барањето во рокот од ставот (10) на овој член, надлежниот орган е должен да постапи согласно со членот 59-в од овој закон ако претходно со барањето не бил доставен основен проект. Надлежниот орган е должен да достави до барателот известување со пресметка за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, во рок од два дена од комплетирањето на документацијата, односно од приемот на позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 59-в од овој закон до кои е доставено барање за увид во основниот проект."
Во ставот (15) зборовите: "во рок од седум работни дена од денот на издавањето на одобрението за градење" се заменуваат со зборовите: "во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење".
По ставот (17) се додаваат три нови става (18), (19) и (20), кои гласат:
„(18) Барањето за добивање на одобрение за градење и документацијата од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член се поднесуваат во електронска форма, преку информациски систем е-одобрение за градење, на начин утврден со прописот од членот 59-е став (2) од овој закон.
(19) Барателот одговара за веродостојноста на сите документи кои се доставени со барањето во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење, со оригиналните документи кои се издадени од надлежните субјекти.
(20) Одобрението за градење издадено врз основа на документи доставени во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење, кои не се веродостојни со оригиналните документи издадени од надлежните субјекти, е ништовно."

**Член 8**

Во членот 59-а алинеја 4 по зборовите: "агенција или фонд основани од Владата на Република Македонија" се става запирка и се додаваат зборовите: "правни лица во целосна или доминатна сопственост на Република Македонија".

**Член 9**

Во членот 59-в ставот (1) се менува и гласи:
„Надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен во рок не подолг од три работни дена од приемот на барањето за одобрение за градење, односно од комплетирањето на документацијата, доколку постапката била прекината согласно со членот 59 став (10) од овој закон, а барателот ги отстранил констатираните недостатоци, да достави барање во електронска форма до

субјектите надлежни за електроенергетска, водоводна и канализациона инфраструктура да извршат увид во основниот проект, во рок од пет дена од денот на приемот на барањето за увид."
По ставот (8) се додаваат два нови става (9) и (10), кои гласат:
„(9) Доколку субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член до кои е доставено барање за увид во основниот проект, доставиле забелешки на основниот проект, надлежниот орган од членот 58 од овој закон доставува известување за постапување по забелешките до барателот, кој е должен во рок од пет работни дена од приемот на известувањето да постапи по забелешките и да достави коригиран основен проект со извештај за ревизија за извршените корекции на основниот проект. Субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член се должни да проверат дали е постапено по дадените забелешки од страна на барателот, во рок од два работни дена од денот на приемот на барањето за проверка доставено од страна на надлежниот орган од членот 58 од овој закон.
(10) Барањето за увид во основниот проект, известувањето за постапување по забелешки, мислењето или согласноста, односно забелешките за исполнетост на условите, се доставуваат во електронска форма, преку информацискиот систем е-одобрение за градење на начин утврден со прописот од членот 59-е став (2) од овој закон."

**Член 10**

Во членот 59-е ставот (1) се менува и гласи:
„Надлежниот орган од членот 58 од овој закон е должен постапката за издавање на одобрение за градење да ја спроведе на електронски начин, преку информацискиот систем е-одобрение за градење."
По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Одобрение за градење кое е издадено спротивно на ставот (1) на овој член е ништовно."

**Член 11**

Во членот 62 став (4) по зборовите: "согласно со членовите" се додаваат зборовите: "59 став (20)".

**Член 12**

Во членот 62-а по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:
„(3) Органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите е должен да достави податоци за непосредни соседи на градежната парцела за која се донесува одобрение за градење, како и пресметка за трошоците за запишување на објектот во јавните книги за недвижности, во електронска форма, по приемот на барање во електронска форма од надлежниот орган од членот 58 од овој закон.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член за издаденото одобрение за градење за градбите во технолошките индустриски развојни зони формирани од Владата на Република Македонија и од правни лица, како и линиските инфраструктурни градби, не се известуваат непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението."

**Член 13**

Во членот 65 по ставот (17) се додаваат два нови става (18) и (19), кои гласат:
„(18) Документацијата доставена кон барањето за добивање на одобрение за градење во информацискиот систем е-одобрение за градење, се користи од страна на второстепениот орган надлежен за постапување по жалби против управните акти издадени во постапката за издавање на одобрение за градење,

Управниот суд и Вишиот управен суд при постапувањето по поднесена тужба и жалба во постапка за издавање на одобрение за градење.
(19) Начинот на користење на информацискиот систем е-одобрение за градење од страна на второстепениот орган надлежен за постапување по жалби против управните акти издадени во постапката за издавање на одобрение за градење, Управниот суд и Вишиот управен суд при постапувањето по поднесена тужба и жалба во постапка за издавање на одобрение за градење го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.‟

**Член 14**

Во членот 67 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:
„(9) Доколку е издадено одобрение за градење на електронски начин, известувањата од ставовите (1) и (2) на овој член инвеститорот ги доставува во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење.‟

**Член 15**

Во членот 69 ставот (1) се менува и гласи:
„Во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, доколку со измените не се влијае на исполнување на кое било основно барање за градбата и не се менува усогласеноста на градбата со параметрите од урбанистичкиот план, државната, односно локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планска документација за туристичка развојна зона, урбанистичко-планска документација за автокамп или проектот за инфраструктура. За вршење на измени инвеститорот е должен да поднесе барање кон кое приложува дополнување на основниот проект со извештај за ревизија на дополнувањето на основниот проект и само оние мислења и согласности чие прибавување произлегува од бараната измена.‟
Во ставот (6) во втората реченица по зборот ‟решението‟ се додаваат зборовите: ‟од ставот (2) на овој член‟, а зборот ‟инвеститорот‟ се заменува со зборовите: ‟органот кој ги одобрил измените на основниот проект‟.

**Член 16**

Во членот 71 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Во барањето од ставот (2) на овој член се наведува делот, односно деловите од градбата за кои се однесува барањето, согласно со основниот проект односно проектот за инфраструктура (делници, стационажи, број на столбови и слично).‟

**Член 17**

Во членот 86 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Во случаите кога постапката за издавање на одобрение за градење е спроведена на електронски начин изведувачот не е должен на градилиште да има основен проект и извештај за извршена ревизија од ревидентот.‟

**Член 18**

Во членот 89 став (4) зборовите: ‟министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот‟ се заменуваат со зборовите: ‟надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење‟.

**Член 19**

Во членот 96 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:
„(4) За градбите во технолошки индустиски развојни зони формирани од Владата на Република Македонија и од правни лица кои ги градат корисниците во

технолошките индустриски развојни зони, Дирекцијата за технолошки индустиски развојни зони е должна во име и за сметка на инвеститорот да достави барање за запишување на градежниот објект во јавната книга на недвижности до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности, во рок од три работни дена од денот на приемот на геодетскиот елаборат за извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности од страна на инвеститорот согласно со пресметката од членот 59 став (15) од овој закон.
(5) За магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје, како и за линиски инфаструктурни објекти чија изградба согласно со Законот за градот Скопје е во надлежност на градот Скопје, градот Скопје е должен во име и за сметка на инвеститорот да достави барање за запишување на градежниот објект во јавната книга на недвижности, до надлежниот орган за запишување на правата на недвижности, во рок од три работни дена од денот на приемот на геодетскиот елаборат за извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавните книги на недвижности од страна на инвеститорот согласно со пресметката од членот 59 став (15) од овој закон."
Во ставот (4) кој станува став (6) зборовите: "ставовите (2) и (3)" се заменуваат со зборовите: "ставовите (2), (3), (4) и (5)".

**Член 20**

По членот 101 се додава нов член 101-а, кој гласи:

**„Член 101-а**

(1) Надлежните органи од членот 58 од овој закон се должни постапките за одобрување на идеен проект, за измени во текот на изградбата, за промена на инвеститор, за издавање на одобрение за подготвителни работи, за издавање на решение за градбите од членот 73 од овој закон за реконструкција, пренамена, адаптација и за издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од членот 57 од овој закон да ги спроведуваат на електронски начин.
(2) Начинот на спроведувањето на постапките од ставот (1) на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот."

**Член 21**

Во членот 163 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:
„(10) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице и службеното лице во надлежниот орган од членот 58 од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 59-е став (1) од овој закон."

**Член 22**

Одредбата од членот 20 од овој закон со која се додава нов член 101-а ќе започне да се применува од 1 ноември 2013 година.

**Член 23**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 24**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за градење.

**Член 25**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.